Општина Ново Село
ИП1 бр.12-24
08.03. 2021 година

Врз основа на чл.131 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/2015) и врз основа на чл.137 став 1 и чл.142 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13,163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15) Овластениот градежен инспектор на Општина Ново Село постапувајќи по Решението од предметот ИП1бр.12-24 од21.12.2020 година донесе:

Н А Л О Г

За дозвола за извршување на Решение ИП1бр.12-24 од 21.12.2020 година.

1. **СЕ УТВРДУВА** дека Решението **ИП1бр.12-24 од 21.12.2020 година** донесено од страна на овластениот градежен инспектор при општина Ново Село е **ПРАВОСИЛНО** и **ИЗВРШНО** па се допушта неговото административно извршување.
2. Извршувањето ќе биде на ден 31.03.2021 година во 09:00 часот и ке се изврши од страна на правно лице со лиценца за изведба на градежни активности кое поседува градежна механизација за отстранувањье на бесправно изградената градба.
3. Жалбата против налогот на извршувањето може да се поднесе само во однос на времето, местото и начинот на извршувањето и нема одложно дејство.

О б р а з л о ж е н и е

Овластениот градежен инспектор при Општина Ново Село, постапувајќи по службена должност по Решението од предметот **ИП1бр.12-24 од 21.12.2020 година** изврши контролен инспекциски надзор со цел да се утврди дали градбата во с.Смолари, изградена од Златко Николов, е отстранета, односно дали инвеститорот постапил по наодите дадени во Решението **ИП1бр.12-04 од 19.02.2021** во кое е даден точно определен рок сметан од денот на приемот на Решението, и во тој рок да бидат отстранети констатираните бесправни градби и делови од градби. При надзорот е констатирано дека на денот на контролниот инспекциски надзор на локацијата опишана во записникот **ИП1бр.12-24** не е постапено според гореспоменатото Решение. Бидејќи при контролениот надзор е утврдено дека инвеститорот не

постапил по Решението донесено од страна на овластениот градежен инспектор, се донесе овој Налог за дозвола за административно извршување.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното Решение со кое се наредува отстранување на градбата што ја изградил без градежно техничка документација, не го одлага извршувањето на Решението, па согласно чл.137 став 4 и чл.142 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13,163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15), се донесе решението како во диспозитивот.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното Решение во смисла на одредбите на чл.131 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Р.М.“ број 124 од 23.07.2015 год.) и чл.142 ст.1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13,163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15) станува извршно со доставување на Налогот на странката на која се однесува Решението.

Од сите тие причини а согласно чл.131 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/2015) и врз основа на чл142 став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13,163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15) се донесе Налог за дозвола за административно извршување.

Предвид на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на овој Налог.

ПРАВНА ПОУКА : Против оваа решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот а решението, преку овој орган до Државната комисија во одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, таксирана со 250,00 денари административна такса, согласно тарифен број 2 од законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/03.....64/04) на трезорска сметка на НБРМ бр.86000000063095, уплатна сметка 840-106-03182, цел на дознака Административни такси, приходна шифра 72231500.

Жалбата против налогот на извршувањето може да се поднесе само во однос на времето, местото и начинот на извршувањето и нема одложно дејство.

Општина Ново Село
Овластен Градежен Инспектор
д.и.а. Иван Трајков
Службена легитимација број 35-0003

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА НОВО СЕЛО